Уп. бр. 08- 63

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Јунајтед Медиа С.а.р.л., со седиште на адреса Булевар Пјер Фриден 43, Л – 1543, Луксембург, доставено преку Љупка Новеска Андонова, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 31.07.2019 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Јунајтед Медиа С.а.р.л., со седиште на адреса Булевар Пјер Фриден 43, Л – 1543, Луксембург ќе стекне контрола над Трговското друштво И.Р.В. Инвестиции, Развој и Унапредување д.о.о Словенија со седиште на адреса Пречна улица 1, СИ-1235, Радомље, Словенија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот) на ден 11.07.2019 година, а дополнето на 15.07.2019 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од Јунајтед Медиа С.а.р.л., со седиште на адреса Булевар Пјер Фриден 43, Л – 1543, Луксембург, со која Јунајтед Медиа С.а.р.л. има намера, преку стекнување на удели, да стекне контрола над Трговското друштво И.Р.В. Инвестиции, Развој и Унапредување д.о.о Словенија со седиште на адреса Пречна улица 1, СИ-1235, Радомље,

Словенија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Јунајтед Медиа С.а.р.л. е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс во Република Северна Македонија се присутни преку:

- индиректно зависно друштво - Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар „ВМРО" бр.3, Скопје, Република Северна Македонија, а кое врши дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа и
- индиректно зависни друштва ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ, Скопје, со регистрирано седиште на ул. „Орце Николов" бр. 68/3, Скопје, Република Северна Македонија, а кое врши маркетиншки дејности.
- телевизиски канали кои се емитуваат од страна на поврзани лица, односно реемитуваат од страна на локални оператори, вклучувајќи ги: N1, Grand, Cinemania, SportKlub, Ultra/MiniUltra, FightChannel, OrlandoKids, Pikaboo, Vavoom, IDJTV, Lov i Ribolov, Brainz i Nova S (UnitedMedia) и
- исто така, БЦ Партнерс остварува и ограничени приходи преку продажба на производи од страна на други портфолио друштва: SpringerNature, Pharmathen и Keter.

И.Р.В. Инвестиции, Развој и Унапредување д.о.о управува со интернет платформа која служи за меѓусебна рзмена на содржини во рамки на мрежа на интернет страници. Суштински, платформата им овозможува на интернет сајтовите да меѓусебно разменуваат линкови на објавени содржини преку вградени софтверски апликации, односно меѓусебно да ги пренасочуваат корисниците преку таргетирани содржини, на тој начин зголемувајќи го бројот на посетители.

И.Р.В. Инвестиции, Развој и Унапредување д.о.о не е воопшто присутен во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа

под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**